РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2015/1
04-11-2026
_____ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2015/1 од 21.05.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на наставник и стручен соработник на определено време во Основното училиште „---------- ---------- ----------“---------- - ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган и не констатирал неправилности во предметната постапка.

Предметот со број 12-2015/1 од 21.05.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 21.05.2026 година, до ДКСК доставена е анонимна пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на: наставник по наставниот предмет Природни науки и стручен соработник Библиотекар на определено време во Основното училиште „---------- ---------- ---------- “---------- - ---------, по што оформен е предмет број 12-2015/1 од 21.05.2026 година. Дополнително, во пријавата е наведено дека истата била препратена на надлежно постапување и до Државниот просветен инспекторат.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара Државниот просветен инспекторат на РСМ да достави информација за тоа дали и како е постапено по однос на наводите во предметната пријава со достава на прилог Записник/Извештај од спроведен инспекциски надзор. Воедно, ДКСК се обрати и до Основното училиште „---------- ---------- ---------- “---------- и побара нивно произнесување по однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и по разгледување на целокупната документација за предметниот случај констатирано е следното:
Државниот просветен инспекторат на РСМ извршил вонреден инспекциски надзор на Основното училиште „---------- ---------- ---------- “---------- на 27 и 28.07.2026 година и бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор со број ИП1 бр.31-560 од 29.07.2026 година. Предмет на инспекцискиот

надзор било вработувањето на определено време во предметното училиште на наставник по наставниот предмет Природни науки и стручен соработник-Библиотекар. При надзорот, било констатирано дека нема неправилности во работењето на субјектот на надзорот, поради што согласно член 68 став 4 од Законот за инспекциски надзор постапката била запрена. За време на надзорот бил извршен увид во приложената документација на кандидатите кои биле предмет на инспекцискиот надзор при што констатирано е дека избраните кандидати биле со соодветно образование и биле единствени пријавени на јавниот оглас на определено работно време со важност до 31.08.2026 година, а од страна на ВД Директорот на предметното училиште до Комисијата задолжена за рагледување на приложената документација по јавен оглас за прием на лица на определено време во учебната 2025/2026 година, било доставено Известување со број 03-110 од 27.02.2026 година дека поради пријавувањето на неговата сопруга на работно место по наставниот предмет Природни науки, согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси тој се повлекува од постапката за спроведување на јавниот оглас за конкретното огласено работо место, со цел да се избегне било каков судир на интереси и да се обезбеди законитост, непристрасност, транспарентност и доверба во постапката.

Основното училиште „--------- ---------- ----------“ ---------- извести дека предметната постапка за вработување на лица на определено време за учебната 202/2026 година, по јавниот оглас била спроведената во согласност со законските прописи. Во однос на пријавените наводи известува дека за предметниот јавен оглас бил извршен вонреден инспекциски надзор од Државниот просветен инспкторат кој не утврдил неправилности во работењето на предметното училиште и дека предметните вработувања биле реализирани во согласност со Законот за основно образование.

Имајќи го во предвид сети погоре констатирано, ДКСК утврди дека за случајот постапил друг надлежен орган кој при своето надлежно постапување не констатирал неправилности во предметната постапка за вработување.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чунуљ

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar